Project Naturalistic Teaching



МОДУЛ 3

# Респонсивно однесување

Project Naturalistic Teaching



# Респонсивно однесување

# СОДРЖИНА


Респонсивно однесување ........ 1

1.Респонсивност/Сензитивност ........ 4

Сензитивност ........ 5

Респонсивност (емпатичност) ........ 14

Ефективност ........ 20

Инвентивност ........ 23

2.Експресивност ........ 27

Изразување на чувства ........ 28

Прифаќање ........ 29

Уживање ........ 33

(Емоционална) Топлина ........ 37

Пофалба ........ 39

3.Ориентираност кон достигнувања/Насоченост ........ 42

Достигнувања ........ 43

Насоченост ........ 46

4.Темпо ........ 54

# Респонсивно однесување на возрасните лица



Респонсивното однесување на возрасните претставува збир на однесувања развиени за возрасните лица (родители, старатели, наставници итн.) кои поголемиот дел од своето време го поминуваат во интеракција со малите деца и грижата за нив, а се во насока на поддршка на развојот на детето.

## Респонсивно однесување



Респонсивните однесувања на возрасните лица се исклучително едноставни и лесни однесувања кои лесно се паметат и можат да се користат за време на рутините, активностите и транзициите кои природно се случуваат во текот на денот поминат со деца.



Респонсивните однесувања се сите однесувања кои ги поддржуваат децата да стекнат и да користат основни однесувања како што се учество во играње, започнување и одржување на интеракција, решавање проблеми, одржување на заедничко внимание и соработка.



Целта е да се подигне свеста на возрасните (родителите, наставниците, итн.) за однесувањата кои можат да помогнат во поддршката и подобрувањето на детскиот развој при секојдневните природни интеракции со нив.



Наместо на децата да им се даде посебна или единствена вештина, односно однесување, респонсивното однесување на возрасните има за цел да му овозможи на возрасното лице кое има важно место во животот на детето да комуницира со детето и на тој начин да стекне однесувања кои му го олеснуваат учењето на детето како развојна целина. За таа цел, сите искуства на детето може да се трансформираат во можност за учење.

Во ова книга се објаснуваат респонсивните однесувања на возрасните кон децата. Содржината е поделена на пет поглавја и нивни подпоглавја.



# 1. Респонсивност/сензитивност



**Сензитивност** 1



**Респонсивност** 2



**Ефективност** 3



**Инвентивност** 4

# Сензитивност

Под сензитивност се подразбира колку возрасното лице е чувствително, односно сензитивно на активностите или игрите кои детето ги иницира во согласност со неговиот сопствен интерес. Поконкретно, тоа е следење на активноста или однесувањето на детето од страна на возрасното лице.




Томе е ученик кој може да прави комбинации на различни звуци и звуци со самогласки-согласки.

Иако во сензитивносто однесување на возрасните е многу важно да се следат интересот, водството и однесувањето на детето, понекогаш интересите на детето можат да биде потешки за забележување. Затоа, возрасното лице треба да биде добар набљудувач.



## Да објасниме со друг пример...

Наставничката Ката во својата предучилишна група има дете кое сѐ уште не зборува. Детето многу го интересираат авиони. Секогаш кога ќе помине авион, тој трча кон прозорецот и ѝ го покажува авионот на својата учителка. Наставничката, забележувајќи го неговиот интерес, веднаш оди кај него, се спушта на иста висина со него и му вели: „Авион“.



## Респонсивно однесување

Во сензитивното однесување на возрасните, се очекува да се вреднува изборот на детето. Ова бара визуелно следење и „учество“ во активностите што детето ги избира и кои му се важни.

Учеството претставува активно присуство на детето во улога на партнер (партнер во игра) во активноста или предметот на неговиот интерес. Учеството може да вклучува и вербална поддршка во релевантниот предмет или контекст, но во некои случаи, возрасното лице може да ги сфаќа интересите на детето и да покажува сензитивно однесување, но да не одговори на намерите, желбите и постапките на детето со поддршка. Во таквиот случај, возрасното лице може да се смета за сензитивно, но не и респонсивно. Во примерот даден подолу, наставничката веднаш го забележала интересот на детето за авионите, отишла до детето и покажала возрасно однесување кое може да се смета за сензитивно, но доколку не го поддржала детето вербално, односно додека детето го покажувало авионот да му каже: „Авион“, „Да, авионот лета.“, „Бел авион.“ итн., таа не би покажала респонсивно однесување.



## Да објасниме со друг пример...

Наставничката Тина ужива да се игра со своите ученици. За време на слободните активности, таа ги набљудува игрите на своите ученици и се грижи да оствари интеракција со секој нејзин ученик посебно. Им овозможува на учениците самите да избираат, често учествува во нивните игри и го поддржува нивното учење преку вербални изрази и коментари на соодветната тема или контекст. Во оваа студија на случај, наставничката Тина е и сензитивна и респонсивна возрасна личност.



Сензитивно возрасно лице кое се грижи за интересите на детето секогаш ја прилагодува својата позиција за да го гледа детето во лице. На овој начин, тоа сака да ги забележи сите обиди за комуникација на детето.

Обидите на детето за комуникација понекогаш можат да бидат јасни вербални изрази како: „Сакам да си играм со кола“ или „Дај ми бебе“, понекогаш можат да бидат знаци или поглед насочен кон играчката кој означува дека е заинтересирано или љубопитно, а понекогаш станува збор само за поглед кој тешко се забележува .




Маја е дете кое комуницира со едноставни реченици од два збора.

Додека една сензитивна возрасна личност внимателно го следи детето за да го види неговото лице, таа ги следи сите вербални и невербални комуникациски обиди на детето, покажува интерес и учествува во неговиот избор како активен партнер во играта. Поентата што треба да се забележи овде е дека возрасното лице треба постојано и доследно ги следи обидите за комуникација на детето – и оние кои се јасни и оние кои се суптилни. Во примерот подолу, наставничката го забележува незабележливиот комуникациски напор на детето и го поддржува со вербализација преку учество во интересот на детето.



Да резимираме: сензитивна возрасна личност го почитува изборот на детето, ја следи неговата активност и учествува во неа. Но, кога, на пример, возрасните си играат со детето и постојано покажуваат нови играчки или даваат предлози како „ајде да си играме со коцки“ или „не, оваа игра е позабавна“, тие оставаат впечаток дека сакаат да го променат моменталниот интерес на детето. Следи пример за несензитивно однесување на возрасните кој е во спротивност со пристапот кој го претставивме:




01
Очекува интеракција од детето.
02
Му дава на детето можност да избира.
03
Го следи водството на детето.
04
Го вреднува она кое детето го прави.
05
Го гледа детето во лице.
06
Ги повторува активностите во кои детето ужива.
07
Го следи фокусот на детето.
08
Го набљудува однесувањето на детето.
Сензитивно возрасно лице

# Респонсивност (емпатичност)

Респонсивност, односно соодветна емпатична реакција кон детето имаме кога возрасното лице дава соодветен и значаен јазичен придонес кој ги поддржува развојните потреби на детето. Со други зборови, станува збор за следење на интересите на детето и нивното вербализирање, придавајќи им значење.




Емил е дете со потешкотии во развојот на јазикот.

Респонсивноста (емпатичноста) на возрасните личности кореспондира со поддржувачките одговори дадени на однесувањето на детето кое бара или не бара директен одговор од страна на возрасното лице и го поттикнува детето да го задржи својот моментален интерес. Фреквенцијата и




конзистентноста на реакциите на возрасните лица исто така се разгледуваат во опсегот на „респонсивност".

Одговорите на возрасното лице (именување, коментирање итн.) кои се директно поврзани со активноста на детето и се совпаѓаат со однесувањето на детето се сметаат дека се во опсегот на „респонсивност".

## Респонсивно однесување

Респонсивноста не значи дека треба многу да се зборува, туку да се зборува за моменталните интереси на детето.

На пример, ако детето реди фигури на животни една до друга, респонсивно однесување на возрасното лице би било коментирање на таа активност, на пример: „Ајде да направиме фарма", „Како се вика ова животно?", „Таа вика муу, нели?". Меѓутоа, ако возрасното лице во меѓувреме покаже на друга играчка и рече: „Види колку е убаво ова и испушта звук" или, пак, му подаде џемперче на детето и го праша: „Каква боја е ова?", тука не станува збор за респонсивно однесување. Во примерот подолу, наставничката покажува респонсивно однесување фокусирајќи се на активноста на детето и заборувајќи за неа.






Според дефиницијата, респонсивното однесување на возрасните бара следење на интересите и однесувањето на детето.

Респонсивното возрасно лице директно ја препознава желбата на детето да иницира комуникација и/или интеракција и му одговара на детето на соодветно ниво. Дополнително, возрасното лице може да даде на детето значајни предлози со набљудување на неговиот интерес и соодветно да одговори кога детето не очекува никаква реакција на возрасното лице (изрази на лицето/гестикулации, вокализации, знаци на непријатност итн.).

## Респонсивно однесување

Респонсивното однесување на возрасните ја зголемува вклученоста на детето во активноста бидејќи нивното внимание ќе го поттикне детето да се задржи на неа.



# Респонсивна лич-
# ност

Одговара на неволни вокализации, изрази на лицето и гестикулации кои ги покажува детето како да се работи за смисловен разговор или намерна комуникација.

Наместо да поставува прашања за однесувањето на детето за време на игра или некоја активност или да го насочува детето, таа дава коментари за неговото однесување.



Обезбедува корективни повратни информации за неусогласени зборови или грешки во изговорот преку коментари, со што ја проширува употребата на слични зборови/фрази.

Постапките, чувствата и намерите на детето ги преведува со зборови.

# Ефективност

Ефективното однесување на возрасните значи дека возрасните можат да го свртат вниманието на детето на играта или активноста и да се погрижат детето да ужива во учеството во нив.



Во ефективно однесување на возрасните, се очекува детето, чиј интерес и учество во играта или активност го обезбедува возрасното лице, да ја продолжи оваа активност и да покаже „активно учество" наместо да биде само набљудувач на играта или активноста. Во една активност која се одвива помеѓу дете и возрасен, важно е интеракцијата помеѓу двете страни да биде реципрочна и избалансирана.

Доколку подготвиме игри за детето и го привлечеме неговото внимание, а останеме пасивни во играта, односно само го гледаме детето без да учествуваме во играта, не сме ефикасни.

Во примерот на сликата подолу, наставничката ја подготвила активноста за децата, но не покажува ефективно однесување бидејќи самата не учествува во активноста.



Интеракцијата со детето која се карактеризира со взаемно учество и баланс

**игра клучна улога во ефективното однесување на возрасните**

за следење на интересот и насоките на детето.

# Инвентивност

Инвентивност претставува способност на возрасните личности да го насочат вниманието на детето кон играта или активноста и постојано да изнаоѓаат нови начини на поддршка, различни пристапи и перспективи. Со други зборови, инвентивност имаме кога возрасните презентираат една играчка на различни начини или кога осмислуваат нови игри; таа е способност да се привлече вниманието на детето со измислување на нешто ново. Оваа ситуација може да се појави случајно или спонтано, или може да биде во форма на низа на различно користење на играчки, измислување игри итн.



Како дел од инвентивниот процес, можно е „повторно да се измислува“ реалноста на различни начини преку употреба на играчки и да се создаваат различни игри.



Различноста, привлечноста и ефективноста на стимулите што возрасните им ги нудат на децата при интеракција со нив се важни за инвентивноста.




Ема е дете со пречки во развојот.
Таа има потешкотии при учењето на основните поими.

Инвентивноста е ефикасна во привлекувањето и одржувањето на интересот на детето за одредена игра или активност. Кога интересот на детето ќе се префрли на која било играчка во околината, можноста некако неа да ја вклучи во тековната игра е инвентивност.

На пример, додека детето во својата игра прави фарма со фигури на животни, вниманието му го привлекува камион. Во овој случај, изјавата од типот „Да ги превеземе животните во овој камион за да ги однесеме на ветеринар, што велиш?“ претставува инвентивно однесување кое произлегува од непосредната потреба и идеја за игра на детето и кое детето го прифаќа. Можат да се обезбедат и нови перспективи, како и проширени искази и коментари кои го задржуваат интересот на детето да си игра со различни идеи или да користи играчки на други начини, на пр. „Дојдов да ја направам фармата поголема“ „Ајде да ги користиме овците како ограда.“ „Бебето може да биде овчар“ итн.









# 2. Изразување на чувства



1 Изразување на чувства



2 Прифаќање



3 Уживање



4 (Емоционална) Топлина



5 Пофалба

# Изразувањето на чувствата (експресивност)

Експресивното однесување на едно возрасно лице ја вклучува негова желба да комуницира со детето и да покаже емоционални одговори кон него.




За време на интеракцијата, изразите на лицето и тонот на гласот на возрасното лице се менуваат во зависност од ситуацијата и ги рефлектираат неговите емоции, со што се создава живо опкружување за интеракција. Емоционално експресивното однесување на возрасните личности значи дека тие постојано го користат говорот на телото, гласот и изразите на лицето за да комуницираат со детето и да му ги изразат своите емоции.

# Прифаќање

Прифаќањето претставува одобрување на моменталното однесување на детето од страна на возрасното лице преку вербално и невербално изразување. Прифаќањето се разликува од исполнувањето на желбите и очекувањата на детето, а значи гледање на однесувањето на детето како на нешто вредно и значајно.




Прифаќањето вклучува комуникација и однесување на возрасните кои ги прифаќаат и ги признаваат постапките на детето и него самото.

Прифаќањето бара „исчекување" на интеракцијата на детето. Штом детето ќе започне интеракција, од возрасните личности се очекува да создадат можности детето да каже повеќе. Тие преку вербално или невербално однесување му покажуваат на детето дека го прифаќаат неговото однесување.



Во интеракцијата со детето за време на играта или активноста, возрасните треба да користат вербален и невербален пристап за да изразат дека постапките на детето се значајни и корисни.

Предлозите и барањата на возрасните ги поддржуваат постапките и комуникацијата на детето и на тој начин му помогаат на детето да биде поефективно.



Возрасните кои покажуваат прифаќање го признаваат она што детето може да го направи и го поддржуваат детето за она што сè уште не може да го направи.




Друг пример за ценење и охрабрување на постапките и напорите на детето е кога, на пример, во игра со коцки, возрасните климаат со главата во знак на согласност и велат: „Колку е висока! Вложи многу труд и ја направи. Мислам дека следната кула ќе биде уште повисока“.

Од друга страна, коментари од типот „не можеш“, „не може така“, „тешко ти е, дај јас“, како и постојано изразување на незадоволство од она што го прави детето, се негативни примери кои не го поддржуваат, го отфрлаат и не го прифаќаат однесувањето на детето.

# Уживање

Уживањето може да се дефинира како степен на задоволство кој возрасните личности го покажуваат со своето однесување и реакциите кон децата за време на интеракцијата со нив. Со други зборови, тоа одговара на задоволството кое произлегува од активно поминување време со детето, а не само набљудување. Освен тоа, уживање значи забава, правење изненадувања, шеги, создавање удобна и пријатна средина за интеракција со детето.



Возрасните кои не уживаат во времето поминато со детето, ќе направат тоа да се чувствува непријатно покрај нив. На пример, постојаното погледнување во часовникот, повременото проверување на телефонот или водењето разговор со другите лица во околината и не обрнување на внимание на прашањата и коментарите на детето, ќе сигнализира дека не го слушате детето и дека не уживате во времето поминато со него.




„Возрасните кои не уживаат во игрите со децата, го гледаат играњето како „работа"".

Од друга страна, забавните возрасни лица ги изненадуваат децата за време на интеракцијата со пријатни, неочекувани постапки и шеги, често пати го покажуваат своето задоволство и создаваат живо опкружување за интеракција. Процесот на забава се карактеризира со доживување радост со детето во удобно и пријатно опкружување.




Играњето е забавно за двете страни, т.е. и за детето и за возрасното лице. Фокусот не е на набљудувањето, туку на играње заедно со детето.

## Респонсивно однесување

Кога се во интеракција со возрасните, децата чувствуваат дали возрасните сакаат да бидат со нив или не. Затоа, важно е детето да се чувствува дека уживате да бидете со него, наместо само да ја набљудувате неговата активност или игра. Кога тоа ќе се постигне, ќе се зголеми и времето на учество на детето во активноста.



# (Емоционална) Топлина

Топлината е еден од најважните аспекти во интеракцијата помеѓу возрасните и децата. Топлината значи дека возрасниот му ја дава на детето својата љубов, неговата наклонетост - накратко, неговите позитивни чувства.

Овој пренос може да биде преку зборови кои изразуваат љубов или преку однесувања како што се галењето по коса, гушкањето, покажувањето наклонетост и слично, па дури и преку тонот на гласот.



## Респонсивно однесување

Сите мали деца можат истовремено да искусат емоции како што се восхит, страв и блискост кон нивните наставници. Топлиот тон на гласот, галењето, допирот и зборот со љубов може да бидат многу вредни за децата. Воспитувачите и наставниците во предучилишните установи се еден од оние кои најдобро ја балансираат оваа топлина.




Да се биде топол бара да се влезе во светот на детето, да се биде соиграч на детето, свесно да се користат интонацијата (тонот на гласот), гестови и мимики во комуникацијата.

# Пофалби

Вербалното признание, односно пофалба обично се однесува на вербални засилувања од типот: „Многу добро си направил/а“, „Браво“, „Супер си“, „Ти си неверојатен/а“, кои на детето му се упатуваат во одредена ситуација, на пример да ја зголемат самодовербата на детето, да се охрабри или да се награди детето за неговиот успех итн.. Вербалните изрази на признание се многу важни.

Кога се користи вербалното пофалување, важно е да се забележи дека употребените вербални зајакнувачи треба да се претставени на начин кој е поврзан со однесувањето на детето. Со други зборови, пофалбата за некое одредено однесување треба да биде директно поврзано со тоа однесување и да го привлече вниманието на детето на пожелното однесување. Така, наместо само да му кажеме на детето: „Многу добро!“, „Браво!“, „Одлична си!“, вербално изразуваме пофалба со тоа што му велиме: „Ерик, ми се допадна што крена рака кога сакаше да поставиш прашање, браво!“ , „Ана, добро се нареди во редица, браво!“, „Амир, многу е добро да побараш дозвола од другарчето за да го земеш неговото моливче, супер си!“, „Симе, многу добро ги собра играчките!“, „Павле, беше мирен додека ја слушаше приказната, супер си!“ .



Вербалните признанија можат да се упатат кога детето ќе постигне некој успех, може да се упатат и за самите напори на детето за да ја зголемиме неговата самодоверба или, пак, и без некоја поврзаност со конкретен настан.




Мелиса е дете со недостаток на внимание и хиперактивност. Таа има потешкотии да слуша приказна од почеток до крај и да обрнува внимание за време на активностите на приказната. Учителката внимава да го забележи секое позитивно однесување на Мелиса и вербално да ја пофали.

Истражувањата покажуваат дека наставниците повеќе се фокусираат на несоодветното однесување на учениците во нивните училници и обрнуваат помалку внимание на вербалното пофалување на соодветно однесување на учениците. (Akgün, Yarar ve Dinçer, 2011; Dobbs, Arnold ve Doctoroff, 2004; Uysal, Akbaba-Altun ve Akgün, 2010). Сепак, забележувањето на соодветното однесување на децата и давањето вербална поддршка игра важна улога во поттикнувањето позитивно однесување. Затоа, пофалбите како „Браво“, „Убаво го направи тоа“, „Колку мирно седиш“, „Браво што му помогна на другарчето“ се моќни вербални зајакнувања кои ја градат самодовербата кај детето и му помагаат да сака да продолжи со успешното однесување.

Кога наставникот го пофалува детето велејќи: „Многу си мирен“, ова зајакнување може да биде и индиректно зајакнување за другите деца, на пр. „Да седиме мирно и да слушаме“. На овој начин и другите деца остануваат на своите места, очекувајќи пофалба бидејќи мислат дека можат да го привлечат вниманието на возрасните со позитивното однесување. Во спротивно, децата може да трчаат низ просторијата за да го привлечат вниманието на возрасните.



# Ориентираност кон достигнувања / Насоченост



Достигнувања 1



Насоченост 2



Темпо 3

# Ориентираност кон достигнувања

Ориентацијата кон достигнувања, односно резултати се однесува на напорите на возрасните да ги поддржат и промовираат способностите на детето, како во однос на учеството во размислувањето, така и во другите области на учество, а во правец на успех на детето и неговиот развој.




Овие напори можат да бидат во форма на игра, но и во форма на директни педагошки напори, односно интервенции.

Во процесот на ориентацијата кон достигнувања, важно е да му се даде на детето стимул за постигнување на конкретни цели соодветни на неговата возраст и нивото на развој. При давањето на овие стимули не е пожелно да се врши притисок врз детето со, на пример, експлицитно укажување колку е важно детето да ги стекне овие вештини. Така би се изгубил природниот карактер на играта, активноста, интеракцијата.

На пример, додека детето си игра со коцки, не епожелно постојано да се користат изрази како „Види, ова е зелена коцка“, „Ова е жолта коцка“, „Сега покажи ми ја жолтата коцка“, „Ова е црвена коцка, покажи ми ја црвената коцка“ и слично.

## Респонсивно однесување

Во процесот на ориентирање кон постигнувањата, од возрасното лице се очекува да му обезбеди стимули на детето преку игра или образование без притисок и континуирано да го поддржува детето за да усвои одредена вештина или однесување.




На пример, ако детето си игра со автомобилчиња, возрасниот може да каже: „Да, тоа е автомобил, тоа е камион", „Автомобилот е син, камионот е црвен" или „Ајде да изброиме колку тркала има камионот /автомобилот има... „Ајде да броиме колку врати има камионот/автомобилот..." итн.

## Да објасниме со друг пример...

Наставничката Лејла се труди да го поддржи развојот на нејзиниот ученик со пречки во развојот. Таа го следи неговиот интерес за активностите во слободното време, ги зема предвид активностите што ги сака и го поддржува преку нив. Нејзиниот ученик ужива да си игра со играчки кои се испреплетуваат, со кутии со форми и сложувалки. Наставничката Лејла се грижи секое утро да има различни играчки во училницата. За време на нејзината интеракција со својот ученик, таа обезбедува соодветни и значајни јазични информации за неговиот развој и потребната поддршка кога е потребно.



# Насоченост




Јане е дете со ограничени комуникациски и интеракциски вештини и има проблем да започне разговор. Избегнува интеракција со врсниците и со другите и има потешкотии да ја продолжи играта што ја започнал.




Додека се во интеракција со детето, возрасните не треба постојано да ги насочуваат или да се мешаат во активноста или играта на детето. Често се случува возрасните ја насочуваат играта или активноста на детето за цели на образование, обука или контрола. Честото кажување на детето што да прави кога ја менува играта или активноста може да го обесхрабри детето. Напротив, дури и во ситуации кога треба да реагираат (на пр. кога детето бара помош или не знае што да прави), возрасните треба да го набљудуваат детето без да се мешаат или да имаат став „направи сам". На пример, ако детето ги гледа возрасните со кукла или Лего коцка во рака, возрасните не треба да покажат став „само играј си" или „да, да, многу убаво, прави што сакаш". Во горниот пример, детето ужива во боењето и сака да ја вржи оваа активност, додека наставникот интервенира во изборот на активност на детето и на тој начин покажува - во смисла на нашиот модел - непожелно однесување.

Насоченоста на возрасните личности во овој контекст значи дека тие ја следат активноста на детето, учествуваат во активноста и интервенираат кога е потребно. Многу е важно во интервенцијата да не се претера, да му се дозволи на детето да биде независно, да му пружи поддршка само кога е потребно и на тој начин да воспостави рамнотежа помеѓу самоефикасноста и контролата. Оваа рамнотежа може да се постигне со насочување на одлуките за играта и активностите на детето, дозволувајќи независност во играта и давајќи поддршка кога е потребно, или со тоа што не се мешате во одлуките за играта и активностите на детето, туку давате сугестии кога детето го бара тоа или кога му треба.






Однесувањето на возрасните кое ја пренесува пораката „направи го тоа на свој начин, направи што сакаш“ се смета за негативно, бидејќи не му го дава потребниот одговор на детето. Исто така, односот „секогаш прави како што сакам јас“, кој има тенденција постојано да поучува, да се меша и да го насочува детето. И двете однесувања ја нарушуваат природната интеракција помеѓу возрасен и дете. Однесувањето на возрасното лице е од големо значење за создавање таква рамнотежа во интеракцијата со детето со цел да се води на ниво кое го поддржува учењето и ја прави интеракцијата посензитивна. Во негативниот пример погоре, наставничката очекува детето да ги извршува активностите што ги сака таа, непочитувајќи ги неговите преференци.

## Да објасниме со друг пример...

Кога детето неодлучно стои пред играчките, можете да кажете: „Ајде да си играме со Лего. Да изградиме град“. Ова влијае на изборот на активност на детето, а кога детето ќе ја прифати понудата за игра, идеите на детето се спроведуваат во пракса.



## Да објасниме со друг пример...

Ако на детето му треба нешто или е расеано во текот на играта, на пр. ако не може да ја најде вратата од гаражата додека си игра со автомобили, дајте предлози, на пример, велејќи: „Ако сакаш, ќе го земеме овој стап наместо порта, а кога ќе дојде автомобилот, ќе ја отвориме портата и ќе му го расчистме патот“. Ова е пример за помагање да се продолжи некоја активност, но секогаш со активно учествуво во активноста.



## Да објасниме со друг пример...

Дозволете му на детето да ја избере сопствената активност. Ако каже дека не може да ја започне играта, тогаш би можеле отворено да го прашате: „Што да правам? На пример, ако само гледа во некој предмет, тоа може да се земе како знак. Потоа, можете да го вербализирате на пр. „Добро, ајде да ја играме играта со овошје".



И тука е важно да се одржи балансирана ориентациска врска: од една страна да му се овозможи на детето самостојно да дејствува за време на играта или активноста, од друга страна да му дадете совети кога му е потребна поддршка.



# 4. Темпо

Секој поединец има свое темпо на интеракција. Кај децата тоа е поизразено. Некои деца одговараат соодветно кога се зборува побавно, додека други се побрзи и можат веднаш да ги кажат своите мисли.

На некои деца им треба повеќе време да се префрлат од една игра на друга, додека други можат да го сторат тоа побрзо.

Исто така, секој наставник има свое уникатно темпо на интеракција. Некои наставници се поподвижни, практични, други побавни.

Темпото на интеракција е еден од факторите кои влијаат на квалитетот на интеракцијата помеѓу наставникот и детето. За да се воспостави здрава интеракција со детето, се очекува темпото на интеракција на наставникот да биде блиску до темпото на интеракција на детето. Затоа, активноста не треба да биде пребрза за детето да реагира и да не биде премногу бавна за детето да се откаже од некоја активност, на пример, поради досада. Треба да се забележи дека соодветните области на учество не секогаш напредуваат со исто темпо. Со други зборови, брзината на учењето на малото дете не е секогаш паралелна со неговата комуникација или мобилност. На мало дете може да му треба повеќе време да каже или покаже што знае: ова може да потрае околу 3-5 секунди. Затоа, кога се во интеракција со дете, возрасните треба да чекаат во просек 3-5 секунди за реакциите на детето, во зависност од нивото на неговиот развој.

# ЛИТЕРАТУРА


Diken, Ö., Topbaş, S., & Diken, İ. H. (2009). Ebeveyn Davranışını Değerlendirme Ölçeği (EDDÖ) ile Çocuk Davranışını Değerlendirme Ölçeği (ÇDDÖ)'nin geçerlik ve güvenirlik çalışmaları. *Ankara Üniversitesi Özel Eğitim Dergisi,* 10(2), 41-60.

Diken, Ö. (2009). *Ebeveyn Davranışını Değerlendirme Ölçeği ve Çocuk Davranışını Değerlendirme Ölçeği'nin geçerlik ve güvenirlik çalışmaları.* Yayınlanmamış doktora tezi, Anadolu Üniversitesi, Eskişehir.

Diken, İ. H. (2013). *Etkileşim Temelli Erken Çocuklukta Müdahale Programı (ETEÇOM).* Eğiten Kitap: Ankara

Kim, J., & Mahoney, G. (2005). The effects of relationship focused intervention on Korean parents and their young children with disabilities. *Research in Developmental Disabilities,* 26(2), 101-201.

Mahoney, G., & MacDonald, J. (2003). *Responsive teaching: parent mediated developmental intervention.* Cleveland, OH: Case Western Reserve University.

Mahoney, G., & Perales, F. M. (2005). Relationship-focused early intervention with children with pervasive developmental disorders and other disabilities: A comparative study. *Developmental and Behavioral Pediatrics,* 26(2), 77- 85.

Mahoney, G. (2009). Relationship focused intervention (RFI): Enhancing the role of parents inchildren's developmental intervention. *International Journal of Early Childhood Special Education (INT-JECSE),* 1(1), 79-94.

Manolson, A. (1992). *It takes two to talk: A parents guide to helping children communicate.* CANADA: The Hanen Centre Publication.

# БЕЛЕШКИ

Project Naturalistic Teaching

www.naturalisticteaching.com